РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-24/2
22.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 02.01.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, Конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2024 година.
2. Приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од вработен во Стручната служба на Агенцијата.
3. Разно.
4. 

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ го усвои предложениот Записник од 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со Приговорот до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од вработен во Стручната служба на Агенцијата. Објасни дека вработениот повеќе од една година наназад покажал несоодветно однесување и кон работата и кон вработени од

Стручната служба што резултираше со нарушени меѓучовечки односи помеѓу него и колегите. Исто така наведе дека изминатиот период вработениот направил и одредени прекршувања на Законот за работни односи и актите на Агенцијата. Од таа причина одлучил на работникот да му се додели Решение за користење на втор дел од годишниот одмор што му следува, со цел подобро да размисли за работниот процес и да го коригира неговото однесување во иднина.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека во Решението за користење на годишен одмор кој вработениот кој го споменува во Приговорот, е наведено дека согласно Законот, годишниот одмор се определува земајќи ги предвид потребите за работниот процес. Објасни дека Решението е донесено токму врз овој основ, поради текот на работниот процес и обврски, пред сè затоа што во овој период во Секторот со кој што раководи вработениот има затишје на обврските, но започнувајќи од месец февруари се очекува зголемување на обемот на работа во Секторот, како што е имплементација на софтверот за евиденција на работно време од далечина, а исто така и потреба од подготвителни активности поврзани со изборниот процес кој ни престои во текот на оваа година.

Г-дин Трајчев изјави дека, според образложението на Стручната служба, работодавачот има потреба вработениот да го искористи годишниот одмор во овој период. Потенцира дека аргументите изнесени од директорот не се релевантни за овој приговор, бидејќи тој се однесува на Решението за годишен одмор. Смета дека за одредени прашања поврзани со аргументите на директорот можеби треба да се преземат други соодветни чекори. Во однос на постапувањето по приговорите, нагласи дека е важно службите да дадат свое мислење кое ќе ги земе предвид и фактите и аргументите наведени од подносителот. Во овој случај, аргументите од приговорот не ги смета за доволно убедливи. Дополнително, појасни дека според член 141 од Законот за работни односи, годишниот одмор по правило треба да се искористи во тековната година, со можност дел да се пренесе до јуни следната година, ако природата на работата тоа го наложува. Според член 144 став 2, работникот има право самостојно да одреди два дена од годишниот одмор, но тоа не значи дека сите денови мора да бидат со негова согласност. Заклучи дека аргументите од приговорот не се доволно силни за тој да биде прифатен.

Г-дин Фиданоски рече дека од образложението на директорот разбрал дека со доставеното Решение за годишен одмор до вработениот на некој начин сака да се смири напнатоста во Агенцијата, затоа што работниот процес не значи само работни задачи што ги има во опис на работни задачи за вработен, најважен фактор според него се меѓучовечките односи. Ако тие се влошени, се изнаоѓаат начини и методи тие да се решат и работите да тргнат на подобар начин. Се согласи со колегата Трајчев, дека не е целосно исполнето барањето од приговорот затоа што првиот дел од годишниот одмор вработениот го користел со негова согласност, во период со заеднички договор со институцијата. Вториот дел од годишниот одмор му е доделен заради тоа што во февруари почнува имплементација на нови софтверски решенија, потоа многу веројатно и избор на нов состав на Совет на Агенцијата за кои е потребно логистичка и техничка поддршка. Од тие причини потребно е работникот да го даде своето знаење и искуство во таа област за да помогне во целиот тој процес.

Г-дин Ајдини истакна дека е запознаен со ситуацијата на вработениот, како што е претставена во доставените материјали, и дека директорот е целосно информиран за

работата на секој вработен. Потенцира дека вработените во Стручната служба треба да ги почитуваат утврдените стандарди на однесување. Го оцени како позитивен чекор тоа што директорот одобрил одмор за вработениот, со цел да се овозможи размислување и да се надминат можните недоразбирања. Дополнително, ја нагласи коректноста на директорот во односот со вработените и изрази уверување дека одлуките не се донесуваат импулсивно. За вработениот истакна дека е важно да размисли, да вложи дополнителен ангажман и да го преиспита својот пристап.

Г-дин Петрушевски објасни дека барањето за одмор не е еднострана одлука на вработениот, туку процес што подразбира одобрување од претпоставениот, во овој случај директорот, кој е одговорен за организацијата и раководењето со работата на Агенцијата. Потсети дека, согласно член 144 од Законот за работни односи, годишниот одмор се планира во согласност со потребите на работниот процес, а вработениот има право самостојно да одреди само два дена од одморот. Тој нагласи дека поднесувањето барање до Советот може да се толкува како знак на недоверба кон директорот и Советот, бидејќи надлежностите на Советот, согласно ЗААВМУ, не вклучуваат директно мешање во односите меѓу директорот и вработените. Сепак, истакна дека постои простор за законски подобрувања што би овозможиле Советот да постапува како надредено тело во случаи на жалби од вработените. За вработениот, спомна дека соработувале многу пати поради професионалното искуство во областа на информатиката, при што напомена дека во минатото има направени одредени грешки. Потенцира дека директорот неколкупати му помогнал на вработениот, а сегашната одлука за одмор ја смета за оправдана и во најдобар интерес на вработениот. На крај, се изјасни дека нема да го поддржи приговорот.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека работникот веќе искористил одреден број на денови од годишниот одмор, одобрени од страна на раководството, и дека му било овозможено да ги користи овие денови во согласност со неговите лични и семејни потреби. Нагласи дека работникот не бил лишен од правото да користи годишен одмор, а сите негови претходни барања за денови од годишен одмор биле разгледувани и одобрени.

За да се прифати приговорот на вработениот не гласаше ниту еден член на Советот, додека со три гласа против се изјаснија г-дин Петрушевски, г-дин Ајдини и г-ѓа Машовиќ, и со три воздржани гласа се изјаснија г-дин Трајчев, г-дин Јанчески и г-дин Фиданоски. Согласно гласањето Приговорот бр.04-5200/3 од 25.12.2024 година доставен до Советот на Агенцијата против Решението за користење денови од годишен одмор за 2024 година, бр.04-5200/1 од 20.12.2024 година и бр.04-5200/2 од 23.12.2024 година, не е прифатен.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**